# РЕЗИМЕ

# МРЕЖА 23

**Проект финансиран од ЕУ - ИПА Компонента I - граѓанско општество 2013:**

**Поддршка на тематски партнерства и мрежи**

| | |
|---|---|
| *Координатор на проектот*: | Институт за европска политика (ЕПИ)– Скопје |
| *Партнери на проектот*: | Хелсиншки комитет за човекови права на Р. Македонија,<br>Центарот за управување со промени - Скопје |
| *Соработници*: | Фондација Европски Институт - Софија<br>Институтот Алтернатива - Подгорица,<br>Европскиот центар за политики – Белград |
| *Цел*: | Да се придонесе кон спроведување на Поглавјето 23 во процесот на пристапување на Република Македонија преку создавање на структурирана мрежа на граѓански организации |

***Специфични цели:***

- Да се воспостави структурирана координацијата помеѓу граѓанските организации во однос на спроведувањето на Поглавје 23 – Правосудство и темелни права во контекст на примената на европското законодавство;
-Да се зголеми капацитетот на граѓанските организации за вмрежување и за следење и евалуација на политиките од Поглавје 23 на национално и локално ниво;
-Да се влијае на процесот на креирање политики преку координирана мрежа;
-Да се подигне свеста за значењето на Поглавјето 23 за целокупниот напредок во процесот на пристапување;

***Целна група:***

Национални и локални граѓански организации од грантовата шема од проектот Мрежа 23

Проектот е финансиран од Европската Унија

***Крајни корисници:***

Засегнатите страни битни во процесот на пристапување, вклучително владините институции(Секретаријат за европски прашања, Министерство за правда, итн.), Собранието на Република Македонија (Комисијата за европски прашања, Националниот Совет за евро-интеграции) професионални здруженија, Делегацијата на ЕУ во Република Македонија.

***Очекувани резултати:***

Р1: Воспоставување на целосно функционална мрежа за следење и евалуација на спроведувањето на Поглавјето 23 – правосудство и темелни права во контекст на европското законодавство;

Р2: Зголемување на капацитетите на граѓанските организации за следење и евалуација на политиките од Поглавјето 23;

Р3: Подготвување на опции за јавни политики;

Р.4: Подобрување на разбирањето на Поглваје 23 и значењето врз севкупниот процес на преговори.

***Главни активности:***

1. Меморандум за соработка на партнерските организации и развивање на Македонија – ЕУ Ресурсен Центар (МЕРЦ) – Поглавје 23 и прелиминарна анализа на потребите на граѓанските организации активни во областа на демократијата и владеење на правото;

2. Отворен повик за учество на граѓански организации во грантова шема и развој на обука за за следење, евалуација и застапување во рамки на Поглавје 23 и наменско менторство за граѓанските организации и развивање на специфични вештини и размена на најдобри практики;

3. Развивање на методологија за граѓанските организации за следење и евалуација на политиките од Поглавје 23 и вградување на придонесот од грантистите во анализа на спроведувањето на Поглавјето 23 и разработка на опции за јавни политики;

4. Активности за дисеминација на проектните резултати.

***Времетраење на проектот***: 15 месеци

30 април, 2014 - 30 јули, 2015 година

Проектот е финансиран од Европската Унија